| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 214/11, КП 218/3 и КП 220/1, КО Криви Дол со намена Г2.7 – производство на мебел од дрво, метал, пластика општина Штип |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ТАЈФА ПЛАН ДОО Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот** | Совет на Општина Штип |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Јане Стојаноски, дипломиран инженер архитект – планер потписник |
| **Назив на работното место** | Планер на урбанистичка планска документација |
| **Контакт податоци за лицето** | ул. „Васил Главинов“ бр. 3-2/8,<br><br>Тел: +389 (0)2 32 11 109 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Урбанистичкиот проект се изработува врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22) и Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр. 11/18, 42/20).<br>За предметниот плански опфат се изработени Услови за планирање на просторот, од страна на Агенцијата за планирање на просторот, со тех. број Y32621 и Решение за услови за планирање издадено од страна МЖСПП со бр. УП1-15 1967/2021 од 03.01.2022 година. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да, просторно и урбанистичко планирање |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да** ☒<br>**Не** ☐ | **Член:** 3 | **Точка** 13 | **Алинеја:** |

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не, за проектните активности за производство на мебел, треба да се изработи Елаборат за заштита на животната средина |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Не |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Со изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 214/11, КП 218/3 и КП 220/1, КО Криви Дол со намена Г2.7 – производство на мебел од дрво, метал, пластика, Општина Штип, се обезбедуваат услови за планирање на просторот за градба, која ќе биде реализирана од страна на корисниците на земјиштето.<br>Со урбанистичкиот проект, во рамките на проектниот опфат формирана е една градежна парцела 1.01 со намена Г2.7 - производство на мебел од дрво, метал, пластика, со површина од 38.296,67m$^2$, која се протега на КП 214/11, КП 218/3 и дел од КП 220/1, КО Криви Дол, Општина Штип.<br>Со цел предвидените активности во планскиот опфат да се одвиваат непречено, а од друга страна да се даде посебен осврт на заштита на животната средина се ***донесува Одлука за спроведување на стратегиска оцена*** на животната средина. |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Просторно и урбанистичко планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| / |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |

/

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**

Просторот кој е предмет на изработка на урбанистичкиот проект се наоѓа на територијата на Општина Штип, помеѓу селата Криви Дол и Три Чешми, на некатегоризиран пат кој се поврзува на регионалниот пат Р1204 и во непосредна близина на железничката линија Велес-Штип и истиот се наоѓа вон опфат на урбанистички план. Во рамките на границите на проектниот опфат влегуваат катастарските парцели 214/11, 218/3, и 220/1, КО Криви Дол. Проектниот опфат е дефиниран со следните координати:

| Бр. | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7593721,01 | 4627566,80 |
| 2 | 7593670,89 | 4627601,63 |
| 3 | 7593619,97 | 4627634,94 |
| 4 | 7593610,36 | 4627648,54 |
| 5 | 7593574,37 | 4627677,74 |
| 6 | 7593540,37 | 4627705,99 |
| 7 | 7593501,26 | 4627734,78 |
| 8 | 7593470,03 | 4627709,95 |
| 9 | 7593449,66 | 4627701,66 |
| 10 | 7593429,91 | 4627688,04 |
| 11 | 7593436,29 | 4627671,15 |
| 12 | 7593444,02 | 4627654,31 |
| 13 | 7593451,10 | 4627639,26 |
| 14 | 7593461,02 | 4627622,10 |
| 15 | 7593473,65 | 4627601,65 |
| 16 | 7593487,26 | 4627584,50 |
| 17 | 7593523,34 | 4627549,79 |
| 18 | 7593566,60 | 4627504,11 |
| 19 | 7593588,41 | 4627500,83 |
| 20 | 7593618,65 | 4627498,87 |
| 21 | 7593632,25 | 4627499,26 |
| 22 | 7593647,47 | 4627499,69 |
| 23 | 7593681,03 | 4627503,17 |
| 24 | 7593712,82 | 4627507,50 |
| 25 | 7593719,85 | 4627510,02 |
| 26 | 7593723,59 | 4627511,36 |
| 27 | 7593747,85 | 4627513,30 |
| 28 | 7593768,45 | 4627514,64 |
| 29 | 7593775,43 | 4627514,66 |
| 30 | 7593785,23 | 4627545,07 |
| 31 | 7593756,08 | 4627561,72 |
| 32 | 7593748,97 | 4627552,11 |

Површината на проектниот опфат изнесува 38.891,75m², односно 3,89 ha и зафаќа земјоделско земјиште 4 и 5 класа. Во близина на планскиот опфат нема индивидуални куќи за домување. Во прилог 1 е дадена мапа со границите на планскиот опфат прикажан на топографска карта.

**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да☒
Не☐

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☒
Не ☐

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).

| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој УП, може да се разгледуваат од аспект на негативни и позитивни влијанија.<br>**Очекувани позитивни влијанија:**<br>Планскиот документ, ќе допринесе за рационално користење на земјиштето, максимално вклопување на инфраструктурата и градбите со теренот, обезбедување на нови работни места за населението, подобра бизнис клима, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард.<br>**Очекувани негативни влијанија:**<br>Новоизградените објекти во планскиот опфат може да бидат потенцијални извори на емисии, кои може негативно да влијаат врз медиумите од животната средина и здравјето на населението, доколку не се соодветно управувани, затоа во стратегиската оцена на животната средина треба да се даде посебен осврт на можните влијанија врз медиумите од животната средина и здравјето на населението и да се предложат мерки за намалување или избегнување на истите.<br>Можните влијанија се разгледуваат во продолжение. | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Изградбата на предвидените објекти во планскиот опфат се очекува да предизвикаат долгорочни позитивни влијанија од социоекономски аспект, односно ќе се отворат можности за нови вработувања на локалното население и пошироко, кои ќе дадат допринос за развој на локалната и регоналната економија.<br>Меѓутоа, разгледувано од аспект на животна средина имплементацијата на предвидените содржини може да предизвика негативни влијанија врз животната средина.<br>Од планскиот опфат се очекуваат емисии во воздухот од производните активности, емисии од превозните средства, зголемена фрекфенција на возила, генерирање на отпадни води, бучава, отпад, кои доколку соодветно не се управуваат може да предизвикаат негативни влијанија врз медиумите од животната средина и здравјето на населението.<br>Влијанијата врз населението разгледувани од социоекономски аспект се предвидуваат како долгорочни позитивни влијанија. Додека влијанија врз медиумите од животната средина и здравјето на населението се оценувуваат како можни негативни или неутрални, долготрајни или краткотрајни, повратни или неповратни влијанија. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Предвидените содржини во планскиот опфат може да бидат извори на зголемени емисии во воздух, отпад, бучава, отпадни води, кои може да предизвикаат кумулативни влијанија врз животната средина и здравјето на населението. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Ризици врз квалитетот на животната средина може да се јават како резултат на инцидентни ситуации при складирање, преточување или ракување со опасни материи (горива, масла, масти), сообраќајни незгоди, и сл. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Просторот кој е предмет на изработка на урбанистичкиот проект се наоѓа на територијата на Општина Штип, помеѓу селата Криви Дол и Три Чешми, на некатегоризиран пат кој се поврзува на регионалниот пат Р1204 и во непосредна близина на железничката пруга и истиот се наоѓа вон опфат на урбанистички план.<br>Површината на проектниот опфат изнесува 38.891,75 $m^2$, односно 3,89 ha.<br>Засегната популација е населението кое живее во општина Штип, кое согласно последниот попис на населението изнесува 44 866 жители. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |

| |
|---|
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 214/11, КП 218/3 и КП 220/1, КО Криви Дол со намена Г2.7 – производство на мебел од дрво, метал, пластика, Општина Штип се изработува со цел изградбата на објекти за производство на мебел, што ќе резултира со подобрување на социо-економскиот развој на општина Штип, преку зголемени приходи во Општината, зголемување на можностите за вработување на локалното невработено население, намалување на миграцијата, сиромаштијата и сл. |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Во близина на планскиот опфат не се наоѓаат индивидуални куќи за домување. Планскиот опфат се на оддалеченост од околу 1100 метри (воздушно растојание) од с. Криви Дол и околу 1300 метри од с. Три Чешми.<br>Североисточно од планскиот опфат минува регионалната железничка пруга Куманово-Штип-Струмица. Околу планскиот опфат се наоѓаат обработливи земјоделски површини. Планскиот опфат на југ граничи со патот Р1204.<br>Планскиот опфат се наоѓа во заштитна зона на карго аеродромот Филип II и спортскиот аеродром Штип.<br>Просторот кој е предмет на разработка нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Ново предвидените активности во планскиот опфат, ќе бидат извори на емисии во воздух, вода, почва бучава, отпад, но се очекува истите да бидат контролирани и сведени во границите на максимално дозволени концентрации дефинирани во согласност со националното законодавство. |

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Не е евидентирано природно наследство во рамките на планскиот опфат. Министерство за култура не достави одговор на барањето дали во опфатот постои евидентирано културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените објекти за производство на мебел можни се емисии во воздух, бучава, отпадни води и отпад, но согласно законските обврски за управување и контрола на емисиите во животната средина, истите мора да бидат управувани и сведени во рамките на максимално дозволени вредности дефинирани во националното законодавство. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Земјиштето кое го зафаќа планскиот опфат претставува земјоделско земјиште (нива) 4 и 5 класа. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** |
| Проектниот опфат се наоѓа помеѓу селата Криви Дол и Три Чешми, на некатегоризиран пат кој се поврзува на регионалниот пат Р1204 и во непосредна близина на железничката линија Велес-Штип. Во овој плански опфат не се изградени постојни градби ниту од траен ниту од времен карактер.<br>Предметната локација не е опслужена со водовод, фекална и атмосферска канализација и електроенергетска инфраструктура. Во југоисточниот дел на проектниот опфат, во правец север-југ постои земјен канал за одводнување чијшто профил треба да се задржи и да се обезбеди соодветен заштитен појас. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во опкружувањето на планскиот опфат се наоѓаат обработливи површини, магистрален и регионален пат, железничка пруга. Постојните објекти во опкружувањето имаат влијанија врз на квалитетот на медиумите од животната средина. Предвидените активности во планскиот опфат ќе бидат извори на емисии во воздух, вода, бучава, отпад, но се очекува истите да бидат контролирани и сведени во границите на максимално дозволени концентрации дефинирани во согласност со националните правни документи. |

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој(да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Имплементацијата на планските содржини, со контролирани емисии во медиумите од животната средина, ќе допринесе за стопански развој во општина Штип, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.

Но, од аспект на животната средина објектите може да се генерираат емисии, кои доколку не се соодветно управувани може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:

Воздух: емисии од производните процеси и транспортните средства, со кои ќе се врши дотур на стока и испорака на готов производ, може да го нарушат квалитетот на воздухот.

Бучава и вибрации: од производните процеси, транспортни активности, користење на тешка механизација, зголемената фреквенција на возила и луѓе.

Вода: влијанија врз режимот на подземни води се очекуваат како резултат на зафаќање на подземни води заради водоснабдување.

Се очекува генерирање на отпадни води. Несоодветното управување со отпадните води може да го наруши квалитетот на површинските и подземните води, како и квалитетот на почвата.

Почва: влијанија врз квалитетот и карактеристики на почвата како резултат изградба, ископ, складирање и отстранување на вегетациска покривка. Несоодветно управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.

Природно и културно наследство: На предметната локација не е евидентирано природно наследство. Можни се влијанија врз културно наследство доколку во границите на опфатот се утврди присуство на културно наследство.

Пејзаж: Планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејзаж.

Транспорт: Зголемена фреквенција на возила по пристапниот пат.

Енергија: Зголемена потрошувачка на енергетските ресурси.

Отпад: Генерирање на разни видови на отпад

Во стратегиското планирање акцентот на развој на локацијата треба да се стави на контролирани емисии во медиумите, одржливо искористување на ресурсите и отпадот и примена на мерки за енергетска ефикасност.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Имплементацијата на предвидените содржини ќе предизвика зголемување на фреквенцијата на сообраќајот по пристапните патишта. Од објектите за производство на мебел се очекува генерирање на емисии во воздух, отпадни води, отпад и бучава. Имајќи ја во предвид состојбата на подрачјето треба да бидат превземени мерки за контрола на емисиите, со цел да се намалат или избегнат негативните влијанија врз медиумите од животната средина и здравјето на населението.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Планскиот опфат досега не е третиран со урбанистичка документација. Планирањето на просторот се врши согласно Просторниот План на РМ чии насоки се дефинирани во Условите за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

За планскиот опфат досега не е изработен друг урбанистички план, но истиот е третиран во поставките на ПП на РМ. Предметниот плански опфат не бил предмет на стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Влијанијата од изградбата и работењето на објектите за производство на мебел од дрво, метал, пластика во Општина Штип ќе бидат подетално оценети на нивно на проект, преку изработка на Елаборат за заштита на животната средина.

Се препорачување да се посвети особено внимание на управување со отпадните води, отпадот, емисии во воздух, бучавата и сл., односно да се интегрираат препораките кои ќе произлезат од стратегиската оцена на животната средина.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник на општина Штип<br>м-р Иван Јорданов |
| **Ахивски број: 18-2238/5**<br>**Датум: 19.06.2023 год.**<br>**Место: Штип** | М.П. |